Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Број:09-391/4

Дата: 22.05.2018

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансискиот извештај за приходите и расходите, заедно со ревизија на усогласеност на Коалиција за предвремени избори на пратеници 2016 предводена од ВМРО-ДПМНЕ (во натамошниот текст Коалиција). Финансискиот извештај, предмет на ревизија го опфаќа периодот од 21.11.2016 до 07.09.2017 година.

За финансискиот извештај за приходите и расходите на Коалиција за предвремени избори на пратеници 2016 предводена од ВМРО-ДПМНЕ изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата констатирани се следните состојби:

- не е презентиран акт со кој ќе се утврди вкупниот број на објекти кои ќе се користат како изборни штабови за изборната кампања, како и нивните седишта/локации;
- не доставена комплетна документација за потврдување на евидентираните расходите за изборна кампања 2016.

За констатираните состојби дадена е препорака, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот на нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ги обелоденивме состојбите кои се однесуваат на:

- мониторирањето на изборното медиумско претставување на учесниците во изборната кампања за време на изборните процеси, кое го врши Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија,
- дел од радиодифузерите, печатените и електронските медиуми немаат доставено извештаи за искористен рекламен простор и ценовници до надлежните органи,
- фактурирање на поголем односно помал износ за извршената услуга од страна на радиодифузерите во однос на податоците кои се презентирани во извештаите за извршени услуги и

- средствата за финансирање на изборната кампања од редовната сметка на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, обезбедени по основ на кредит.

Истакнуваме дека во Изборниот законик утврдивме системски слабости кои се однесуваат на:

- уредено е дека изборната кампања меѓу другото може да се финансира и од членарина на политичката партија, но не е дефинирано од кој известувачки период може да се користат наплатените членарини на политичката партија ниту пак е уреден начинот на известување за наплатените членарини,
- постои потреба од законско регулирање за начинот на плаќање на неплатените обврски, во случаи кога во вкупниот финансиски извештај се прикажани повеќе расходи од приходи и начинот на постапување со неискористените средства на трансакциската сметка за изборната кампања,
- потребно е да се изврши усогласување на одредбите во членовите 71, 85 и 86 во Изборниот законик поврзани со роковите за затварање на трансакционата сметка, изготвување и доставување на вкупниот финансиски извештај, рокот за уплата на донациите и рокот за уплата на надоместокот за учество во изборната кампања од Буџетот на РМ,
- постои потреба од доуредување на одредбите од Изборниот законик во делот на пропишување на обврска и за правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди, општините во Република Македонија и градот Скопје да доставуваат извештај за искористените рекламни паноа и билборди и средствата кои се платени или се побаруваат по тој основ и
- потребно е да се воспостави мониторинг на платеното политичко рекламирање преку електронските медиуми (интернет порталите) како и пропишување на обврска истите да изготвуваат и доставуваат извештај за искористен рекламен простор и средствата кои се платени или се побаруваат по тој основ.

Надлежните институции потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Од страна на генералниот секретар на ВМРО-ДПМНЕ, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-391/3 од 25.04.2018 година. Забелешките се разгледани и дел се делумно прифатени од причина што се доставени дополнителни докази кои влијаат на промена на констатираните состојби во извештајот. Дел од доставените забелешки претставуваат известување за причините за утврдените состојби во Нацрт извештајот, како и за преземените активности за нивно надминување, додека една забелешка е прифатена.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложениот финансиски извештај на страна 16 заедно со ревизија на усогласеност на Коалиција за предвремени избори на пратеници 2016 предводена од ВМРО-ДПМНЕ, кој се состои од финансиски извештај за приходите и расходите за периодот од 21.11.2016 до 07.09.2017 година и преглед на значајни политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на Коалиција за предвремени избори на пратеници 2016 предводена од ВМРО-ДПМНЕ застапувана од:

- Зоран Илиоски, овластено лице.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај којшто е ослободен од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансискиот извештај од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на учесникот во изборната кампања се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните

ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансискиот извештај. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансискиот извештај е изготвен, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансискиот извештај и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај е составен според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 16.10.2017 до 23.02.2018 година кај Коалицијата за предвремени избори на пратеници 2016 предводена од ВМРО-ДПМНЕ, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со овластеното лице на учесникот во изборната кампања, одржан на ден 29.01.2018 година.

Од страна на генералниот секретар на ВМРО-ДПМНЕ, а по овластување од одговорното лице на Коалицијата, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-391/3 од 25.04.2018 година. Забелешките се разгледани и дел се делумно прифатени од причина што доставени се дополнителни докази кои ќе влијаат на промена на констатираните состојби во извештајот. Дел од доставените забелешки претставуваат известување за причините за утврдените состојби во Нацрт извештајот, како и за преземените активности за нивно надминување, додека една забелешка е прифатена.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Коалицијата за спроведување на изборната кампања во 2016 година, согласно одредбите од Законот за облигациони односи склучила 71 договори за закуп на деловен простор за спроведување на изборните активности. Исто така со одлука од ноември 2016 година уредено е дека 72 објекти, како недвижен имот во сопственост на ВМРО-ДПМНЕ, времено ќе бидат отстапени на користење на Коалицијата за потребите на изборната кампања.

На ревизијата не и беше презентиран акт со кој ќе се прецизира вкупниот број на објекти кои ќе се користат како изборни штабови за изборната кампања, како и нивните седишта/локации. Поради наведеното, оневозможено е потврдување на висината на расходите за користење деловен простор со надомест, доколку за потребите на изборната кампања се користат и други објекти или на висината на донацијата за користење деловен простор доколку истите се користат без надомест.

По доставување на Нацрт извештајот, овластеното лице на Коалиција за предвремени избори на пратеници 2016 предводена од ВМРО-ДПМНЕ има дадено изјава со која потврдува дека за време на изборната кампања за предвремени избори на пратеници во Собранието на РМ за 2016 година, се користеле вкупно 143 деловни простории (штабови) и тоа: 72 деловни простории (штабови) сопственост на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ кои се отстапени на користење на Коалицијата, како и 71 деловена просторија (штабови) кои Коалицијата ги користела за спроведување на изборните активности согласно склучени договори за закуп.

**Препорака:**
Надлежните органи на партијата во иднина при организирање на избори да обезбедуваат акт за вкупниот број на објекти наменети за изборни штабови како и нивните седишта/локации.

3.2. **Финансиски извештај**

3.2.1. Коалицијата, за спроведување на изборната кампања за предвремени парламентарни избори 2016 година, во финансискиот извештај има искажано вкупно расходи во износ од 124.137 илјади денари. Со извршената ревизија на искажаните расходи во финансискиот извештај ревизијата го констатира следното:

- за дел од фактурите во вкупен износ од 1.894 илјади денари, кои се однесуваат на медиумско претставување кај радиодифузерите и електронските медиуми (интернет порталите) на ревизијата не и беа презентирани медиа планови и извештаи за нивна реализација, поради што не бевме во можност да потврдиме дека податоците во фактурите се целосни и точни и се однесуваат за реално потрошено време за медиумско претставување на учесникот во изборната кампања (Прилог 1);
- за дел од фактурите во вкупен износ од 31.215 илјади денари, кои се однесуваат на медиумско претставување кај радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) како прилог кон истите се доставени Прегледи со податоци или за денот и период на рекламирање или за вкупните секунди на рекламирање и вкупниот износ на извршено рекламирање, без притоа да се обезбеди медиа план и извештај во кој ќе се наведе времето кога е извршено поединечното рекламирање согласно медиа планот на учесникот во изборната кампања (Прилог 2);
- евидентирани се фактури во износ од 15.562 илјади денари без да се достави уредна поткрепувачка документација (испратници, спецификации за извршени услуги, фактури, фото каталог за извршен закуп на рекламен простор) како доказ за извршената услуга (Прилог 3);
- од страна на еден радиодифузер доставени се фактури во поголем износ од 1.237 илјади денари, од причина што во ценовникот кој радиодифузерот го доставил до надлежните органи, цените се изразени со пресметан ДДВ, а во доставените фактури, на веќе утврдените цени повторно е пресметан ДДВ.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите од Законот за сметководството на непрофитните организации и Изборниот законик и влијаат на вистинитоста на расходите искажани во финансиски извештај и на информациите кои ги дава истиот.
По доставување на Нацрт извештајот, Коалицијата за предвремени избори на пратеници 2016 предводена од ВМРО-ДПМНЕ има доставено дополнителна

документација за дел од фактурите за медиумско претставување кај радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите), како и за други извршени услуги за време на изборната кампања, кои се прикажани во Прилог 1, Прилог 2 и Прилог 3 од Нацрт извештајот. Ревизијата ја разгледа документацијата и ја прифати за дел од фактурите во износ од 3.106 илјади денари, како и изврши соодветно прилагодување на износите во горенаведените прилози на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

**Препорака:**
Надлежните органи на партијата во иднина при организирање на избори да обезбедат комплетна, уредна и веродостојна документација за искажаните расходи.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 3.1. и 3.2. е отсуство на акт за утврдување на вкупниот број на објекти кои ќе се користат како изборни штабови за изборната кампања, како и нивните седишта/локации, како и евидентирање и плаќање на фактури без доставена комплетна, уредна и веродостојна поткрепувачка документација.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештај**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2., вкупниот финансиски извештај за приходите и расходите на Коалиција за предвремени избори на пратеници 2016 предводена од ВМРО-ДПМНЕ за периодот 21.11.2016 до 07.09.2017 година, не го прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, резултатот од финансиските активности за периодот кој завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во вкупниот финансиски извештај за приходите и расходите на Коалиција за предвремени избори на пратеници 2016 предводена од ВМРО-ДПМНЕ, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

5.1. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија согласно член 76-в од Изборниот законик има обврска за следење на изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите и електронските медиуми (интернет порталите) во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршување на гласањето на денот на одржувањето на изборите. За извршениот мониторинг истата е обврзана седмично да доставува извештаи до ДИК, а за време на изборната кампања дневни извештаи и истите да ги објавува на веб страната на Агенцијата.

Од страна на Агенцијата, донесена е Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси[1], со која се дефинирани начинот на мониторирање, изборот на примерок, како и периодот на мониторирање. Агенцијата врши целосно мониторирање на политичкото рекламирање само над националните телевизии, додека регионалните и локалните радиодифузери се опфатени со примерок согласно донесената Методологија, поради што податоците за искористениот рекламен простор за време на изборната кампања, не се целосни и комплетни.

Поради разликите на опфатот на мониторирање, согласно Изборниот законик и наведената Методологија, констатиравме неусогласеност помеѓу податоците добиени од радиодифузерите и податоците од ААВМУ.

Имено, од податоците за извршениот мониторинг кои ги обезбедивме од ААВМУ – (Извештајот објавен од ААВМУ[2]) и извештаите доставени од радиодифузерите, ги утврдивме следниве состојби:

- за триесет и два радиодифузери, согласно податоците од ААВМУ, утврдивме помалку искористен рекламен простор за 418.385 секунди во однос на извештаите доставени од радиодифузерите,
- за два радиодифузери, согласно податоците од ААВМУ, утврдивме повеќе искористен рекламен простор за 1.517 секунди во однос на извештаите доставени од радиодифузерот (Прилог 4).

5.2. Од извршениот увид на финансиската документација во врска со платеното политичко рекламирање на изборната кампања на Коалицијата, ревизијата утврди состојби на нецелосно почитување на одредбите на член 75-ѓ и член 85-а од Изборниот законик од страна на радиодифузерите, печатените и електронските медиуми и тоа:

- дел од радиодифузерите доставиле фактури во износ од 12.717 илјади денари до учесникот во изборната кампања, но не доставиле Извештај за

---
[1] 01-111/1 од 05.01.2016 Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
[2] http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/metodologija_za_monitoring_05.01.2016.pdf

искористен рекламен простор до надлежните органи како што е пропишано во член 85 – а од Изборниот законик (Прилог 5);

- не се доставени фактури до учесникот на изборната кампања и Извештаи за искористен рекламен простор до надлежните органи за извршено „платено политичко рекламирање“ на четири медиуми, иако за истите е утврдено извршено рекламирање во „Извештајот од мониторингот на медиумското покривање на предвремените парламентарни избори 2016 година“ изработен од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Прилог 6);
- еден радиодифузер не доставил фактура до учесникот во изборната кампања, а доставил Извештај за искористен рекламен простор до надлежните органи;
- три радиодифузери имаат доставено фактури за искористен рекламен простор и склучено договор со учесникот во изборната кампања, но немаат доставено Извештаи за искористен рекламен простор до надлежните органи, како и за истите не е известено од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Прилог 7);
- кај три радиодифузери фактуриран е поголем односно помал износ за извршената услуга во однос на податоците кои се презентирани во извештаите од радиодифузерите за искористен рекламен простор доставени до надлежните институции (Прилог 8);
- кај дванаесет радиодифузери и правни лица кои стопанисуваат со рекламни паноа и билборди во доставените фактури фактуриран е поголем односно помал износ за извршената услуга, во однос на податоците кои се презентирани во извештаите за извршени услуги/реализација на медиа плановите доставени до учесникот во изборната кампања (Прилог 9);
- четири медиуми немаат постапено согласно член 75-ѓ од Изборниот законик, согласно кој се должни во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите да утврдат ценовници за платено политичко рекламирање и истите да ги достават до надлежните институции (Прилог 10);
- еден радиодифузер извршил фактурирање во износ од 215 илјади денари за извршена услуга која не е предвидена во доставениот ценовник до надлежните органи;
- кај девет радиодифузери ревизијата не беше во можност да ги потврди фактурираните износи од причина што приложениот ценовник не нуди податок дали цената за извршената услуга е со или без ДДВ (Прилог 11).

Горенаведените состојби влијаат врз доследно почитување на одредбите од Изборниот Законик од страна на учесникот во изборната кампања.

Ревизијата истакнува дека во Изборниот законик предвидени се Казни и прекршочни одредби и тоа:

- во член 182 предвидена е глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот, печатениот медиум и електронскиот медиум (интернет портал) ако не утврдат ценовник за платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес и истиот не го достават до надлежните органи согласно член 75-ѓ,
- во член 189-а предвидена е глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот или печатениот медиум кој нема да поднесе извештај за рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, најдоцна 15 дена по денот на завршувањето на изборната кампања предвидено во член 85-а.

Согласно член 31 став 4 од Изборниот законик, Државната изборна комисија има надлежност да покренува иницијатива за дисциплинска постапка, поднесува барање за поведување прекршочна постапка или поднесува кривична пријава до надлежниот орган, при постоење на основи на сомнение дека е сторена повреда на одредбите на овој Законик.

5.3. Во ноември 2016 година политичката партија ВМРО ДПМНЕ заедно со 24 политички партии, склучиле договор за настапување како коалиција на предвремените избори за пратеници во Собранието на РМ во 2016 година. Исто така коалиционите партнери потпишале Договор[3] согласно кој ....„ *договорните страни се согласни во случај да донациите, членарината и средствата на име трошоци за избори кои се исплаќаат од Буџетот на Република Македонија согласно член 86 од Изборниот законик на учесникот во изборната кампања, да не ги покријат превземените обврски за финансирање на изборната кампања 2016 година, истите ќе бидат покриени од страна на носителот на коалицијата ВМРО-ДПМНЕ, преку обезбедување на обртни средства„*..... Поради исполнување на оваа обврска, политичката партија ВМРО ДПМНЕ, во декември 2016 година, со деловна банка има склучено Договор за утврдување на рамковен револвинг кредит - лимит врз основа на заложно право со својство на извршна исправа, со утврден лимит во износ од 3.000.000 евра. Врз основа на овој кредит склучени се два договори за одобрување на долгорочен кредит и тоа во 2016 година, во износ од 91.914 илјади денари и во 2017 година, во износ од 79.956 илјади денари. Дел од средствата од одобрените долгорочни кредити, во износ од 99.091 илјади денари, од редовната сметка на ВМРО ДПМНЕ се префрлени на сметката за изборната кампања 2016 година за спроведување на изборните активности[4]. Ревизијата истакнува дека согласно член 83 став 2 од Изборниот законик изборната

---

[3] Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски на договорните страни број 02-457/9 од 20.12.2016 година

[4] Средства од сметката на политичката партија ВМРО ДПМНЕ се префрлени на сметката за изборна кампања врз основа на извод број 20 од 27.12.2016 година во износ од 91.000 илјади денари, број 13 од 20.03.2017 година во износ од 7.760 илјади денари и број 26 од 06.09.2017 година во износ од 331 илјади денари.

кампања може да се финансира од членарина на политичката партија, од физички лица во висина од 3.000 евра во денарска противвредност и од правни лица во висина од 30.000 евра.

## 6. Останати прашања

### 6.1. Финансирање од членарини

6.1.1. Согласно одредбите на член 83 став 2 алинеја 1 од Изборниот законик, изборната кампања меѓу другото може да се финансира и од членарина на политичката партија. Со наведената одредба не е дефинирано од кој известувачки период може да се користат наплатените членарини на политичката партија, ниту пак е уреден начинот на известување за наплатените членарини и нивното користење во претходните периоди. Во отсуство на уредување на овие состојби оневозможено е ревидирање и потврдување дека пренесените средства припаѓаат на средствата со кои е дозволено да се финансира изборната кампања или не. За надминување на утврдената состојба потребно е да се преземат активности за доуредување на истите во Изборниот законик и Законот за финансирање на политичките партии.

### 6.2. Неплатени обврски и вишок на средства од изборна кампања

6.2.1. Ревизијата смета за неопходно да укаже дека постои потреба од законско дорегулирање за надминување на следниве состојби:

- начинот на плаќање на неплатените обврски, во случаи кога во вкупниот финансиски извештај се прикажани повеќе расходи од приходи и
- начинот на постапување на учесниците во изборната кампања со неискористени средства на трансакциската сметка за изборната кампања, имајќи во предвид дека Изборниот законик во член 85 став 5 предвидува постапување само на организаторот на изборната кампања на група избирачи, каде е уредено дека вишокот на собраните средства на сметката за изборна кампања го подаруваат во добротворни цели.

### 6.3. Рокови во Изборниот законик

6.3.1. Со одредбите од член 71 од Изборниот законик уредено е дека заради прибирање на средства за финансирање на изборната кампања, учесникот во изборната кампања пред надлежниот орган задолжително обезбедува ЕДБ со назнака „за изборна кампања" и отвора трансакциска сметка кај носител на платниот промет. На оваа трансакциска сметка се депонираат сите средства добиени од правни или физички лица кое се наменети за финансирање на изборната кампања и истите не можат да се користат за друга намена. Согласно наведениот член од Изборниот законик, учесникот во изборната

кампања е должен да ја затвори трансакциската сметка во рок од три месеци од денот на објавување на конечните изборни резултати.

Во член 85 од Изборниот законик уредено е дека учесникот во изборната кампања е должен веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на затварање на трансакциската сметка да поднесе вкупен финансиски извештај за изборната кампања. За учесниците во изборната кампања предвидени се надоместоци во висина од 15 денари по добиен глас, што согласно член 86 од Изборниот законик следуваат на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани, како и на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати не е избран кандидат ако освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број гласови од излезените граѓани на ниво на Републиката. Овој надоместок се исплаќа од Буџетот на Република Македонија, односно од буџетот на општината и на градот Скопје, најдоцна во рок од три месеца по поднесувањето на финансискиот извештај за изборната кампања врз основа на извештајот на Државната изборна комисија за спроведените избори. Надоместокот на трошоците за избори се определува со одлука на Собранието, советот на општината и на градот Скопје.

Констатиравме дека постои неусогласеност помеѓу утврдените рокови за затворање на трансакциските сметки, поднесување на финансиските извештаи за изборната кампања и исплата на средствата од Буџетот на Република Македонија. Наведената состојба придонесува за различно постапување на учесниците во изборната кампања, поради што некои од нив трансакциските сметки ги оставиле активни се до исплатата на надоместокот, додека други ги затвориле сметките во законски утврдените рокови, при што се соочиле со проблеми при уплатата на предвидениот надоместок за учество во изборната кампања, односно истиот е уплатен на сметката за редовно работење на политичката партија.

6.3.2. Исто така согласно член 71 став 6 од Изборниот законик, донациите за финансирање на изборната кампања можат да се уплатуваат исклучиво на трансакционата сметка најдоцна до рокот определен за доставување на финансискиот извештај за финансирање на изборната кампања утврден во член 85 став 1 од овој закон. Од причина што рокот за затворање на трансакционата сметка е три месеци од денот на објавување на конечните изборни резултати, а поднесувањето на вкупниот финансиски извештај е во рок од 30 дена од затворањето на трансакционата сметка, уплатата на донациите до рокот определен за доставување на финансиски извештај не може да се реализира, бидејќи сметката за изборна кампања ќе биде затворена.

Поради наведеното во точките 6.3.1. и 6.3.2. постои потреба да се изврши доуредување и усогласување на наведените одредби во Изборниот законик поврзани со роковите за: затварање на трансакционата сметка, изготвување и доставување на вкупниот финансиски извештај, рокот за уплата на донациите и рокот за уплата на надоместокот за учество во изборната кампања од Буџетот на РМ.

## 6.4. Рекламни паноа и билборди

6.4.1. Согласно член 78-а од Изборниот законик дозволено е политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања и на рекламни паноа и билборди. Заради соодветна примена на одредбите од овој член донесено е „Упатство за постапување по член 78-а од Изборниот законик[5]„ и „Појаснување за примена на член 78–а, став 7 од Изборниот законик[6]„, со кои дадени се одредени појаснувања во однос на максималниот број на рекламните паноа и билборди кои можат да се користат за политичко рекламирање, како и начинот и критериумите за распределба на правото на закуп на истите од страна на учесниците во изборната кампања.

Со член 85-а од Изборниот законик пропишана е обврска за радиодифузерите и печатените медиуми во Република Македонија да изготват и достават до надлежните органи Извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа.

И покрај тоа што закупот на рекламни паноа и билборди претставува платено политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања, во Изборниот законик не е пропишана обврска правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди, општините во Република Македонија и градот Скопје да изготват и достават извештај за искористените рекламни паноа и билборди и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, поради што отежнато е потврдувањето на исплатените средства за закуп на рекламни паноа и билборди.

За надминување на утврдената состојба односно овозможување на поголем степен на контрола на исплатените средства за закуп на рекламни паноа и билборди, како и зголемување на транспарентноста на вкупното и поединечното политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања, потребно е надлежните органи да преземат активности за доуредување на одредбите од Изборниот законик во делот на пропишување на обврската за доставување на извештај за искористените рекламни паноа и билборди од страна на правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди, општините во Република Македонија и градот Скопје.

## 6.5. Мониторинг на платено политичко рекламирање

6.5.1. Согласно член 76-в од Изборниот законик Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија е должна да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите и електронските медиуми (интернет порталите) во

[5] Државна изборна комисија број 08-2943/1 од 04.11.2016 година
[6] Државна изборна комисија број 08-3296/1 од 21.11.2016 година

Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршување на гласањето на денот на одржувањето на изборите и седмично да доставува извештаи до ДИК.

За начинот на следење/мониторирање на изборите, донесена е Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси[7], со која се дефинирани начинот на мониторирање, изборот на примерок, како и периодот на мониторирање.

Имајќи предвид дека Агенцијата врши целосно мониторирање на политичкото рекламирање само над националните телевизии, додека регионалните и локалните радиодифузери се опфатени во примерок, сметаме дека потребно е да се изврши усогласување на донесената Методологија, согласно обврските за мониторинг предвидени во Изборниот законик.

Исто така и покрај законската обврска, со Методологијата не е опфатено и следењето на електронските медиуми, односно интернет порталите.

Од страна на Агенцијата објавен е став[8] каде е истакнато дека во изборниот процес, нема да се врши надзор врз изборното медиумско претставување на интернет порталите бидејќи не постојат предуслови за истото, а кои произлегуваат поради:

- законски недефиниран поим на интернет портали;
- непостоење регистар на интернет портали;
- широк опфат на правни субјекти согласно Класификацијата на дејности што се применува во Централниот Регистар;
- постоење на портали кои се регистрирани како здруженија на граѓани или се регистрирани со друга дејност.

Имајќи го во предвид наведеното, ревизијата смета дека потребно е да се преземат активности за доуредување на одредбите на законските решенија со цел надминување на претходно наведените слабости и овозможување на непречено вршење на мониторинг и контрола над електронските медиуми (интернет порталите).

6.5.2. Исто така со член 85-а од Изборниот законик пропишана е обврска за радиодифузерите и печатените медиуми во Република Македонија да изготват и достават до надлежните органи „Извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа„.

Согласно наведеното, електронските медиуми (интернет порталите) немаат обврска да го достават погоре наведениот извештај до надлежни институции, поради што отежнато е потврдувањето на рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања како и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа.

[7] 01-111/1 од 05.01.2016 Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

[8] http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/07/Stav_na_Agencijata.pdf

Имајќи предвид дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија не врши надзор врз изборното медиумско претставување преку електронските медиуми (интернет порталите) кои истовремено немаат законска обврска за доставување на погоре наведениот извештај, ревизијата смета дека потребно е да се преземат активности за доуредување на одредбите од Изборниот законик во однос на пропишување на обврска за изготвување и доставување извештај за искористениот простор и за средствата кои се платени или се побаруваат по наведениот основ и за електронските медиуми (интернет порталите).

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ**
**ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА ЗА ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2016**

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **21.11.2016 - 07.09.2017** |
| **Приходи** | | |
| Приходи од донации | | 18.532 |
| Останати приходи | | 105.924 |
| **Вкупно приходи** | | **124.456** |
| **Расходи** | | |
| **Расходи од донации** | | |
| Комунални услуги и греење | | 367 |
| Комуникациски услуги (ПТТ услуги и др.) | | 188 |
| Превозни - транспортни услуги | | 3.555 |
| Издатоци за репрезентација | | 307 |
| Сметководтсвени услуги | | 31 |
| Услуги за превод | | 23 |
| Услуги за копирање, печатење и издавање | | 3.936 |
| Изнајмување на простор и опрема | | 6.161 |
| Други услуги | | 3.445 |
| Дневници за службено патување и патни трошоци во | | 519 |
| **Расходи од останати приходи** | | |
| Потрошени материјали | | 3 |
| Други материјални расходи | | 61 |
| Комунални услуги и греење | | 12 |
| Комуникациски услуги (ПТТ услуги и др.) | | 218 |
| Превозни - транспортни услуги | | 4.193 |
| Издатоци за реклами и пропаганда | | 87.644 |
| Сметководтсвени услуги | | 31 |
| Услуги за копирање, печатење и издавање | | 3.228 |
| Изнајмување на простор и опрема | | 7.551 |
| Други услуги | | 2.405 |
| Провизија за платен промет | | 50 |
| Дневници за службено патување и патни трошоци во | | 209 |
| **Вкупно расходи од донации и расходи од останати приходи** | | **124.137** |
| **Вкупни приходи - Вкупни расходи** | | **319** |

Палата Др. Христо Татарчев,Плоштад ВМРО бр.1, 1000 СкопјеРепублика Македонија
Тел. +389 2 3102 800

ВМРО-ДПМНЕ
(ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство)
Бр. 02-274/1
23.04. 2018 год.
СКОПЈЕ

**ДО:**Државен завод за Ревизија
Палата “Емануел Чучков”
ул. Јордан Мијалков П. Фах 249
1000 Скопје

**Предмет:**Доставување на забелешки по Нацрт извештај

Почитувани,

Согласно Вашиот допис со број 09-391/2 од 22.03.2018 година, во Прилог на овој допис Ви го доставуваме Прилог бр.1 – Забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансискиот извештај за приходите и расходите, заедно со ревизија на усогласеноста на Коалицијата за Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 2016 година предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

**Генерален Секретар**

**Игор Јанушев**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
25 04 2018
09-391/3

Прилог: Прилог бр. 1

# ПРИЛОГ БР. 1

**Забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансискиот извештај за приходите и расходите, заедно со ревизија на усогласеноста на Коалицијата за Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 2016 година предводена од ВМРО-ДПМНЕ**

Палата Др. Христо Татарчев, Плоштад ВМРО бр.1, 1000 Скопје Република Македонија
Тел. +389 2 3102 800

Коалицијата за предвремени избори на пратеници 2016 година предводена од ВМРО-ДПМНЕ ги дава следните забелешки на Вашиот Нацрт извештај:

Во однос на наведеното дека не е презентиран акт со кој ќе се утврди вкупниот број на објекти кои ќе се користат како изборни штабови за изборната кампања, Ве информираме дека од лицата кои соработуваа со вас направен е превид со што бараниот акт не ви бил презентиран, поради што во прилог Ви доставуваме копија од Изјавата потпишана од страна на овластеното лице Зоран Илиоски, со надеж дека истата ќе биде прифатена од Ваша страна.

Прилог:
- Копија од Изјава потпишана од страна на овластено лице Зоран Илиоски.

Во однос на наведеното дека не е доставена комплетна документација за потврдување на евидентираните расходи за изборната кампања 2016, Ве информираме дека заради промената на раководството во ВМРО-ДПМНЕ, лицата кои беа задолжени за комуникација со вас не беа во можност ни технички ни организационо да постапат во целост согласно Вашите барања, па оттука се надеваме дека од Ваша страна ќе биде разгледана и прифатена приложената документација.

1. **Одговор на забелешки за Прилог 1**

Во однос на забелешките кои се однесуваат на редните броеви 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од Прилог 1, Ви доставуваме копија од Извештаите за реализација на нарачката за редните броеви 1, 2, 5, и 6 од Прилог 1. Исто така Ви доставуваме копија од медија планот за Реден број 2 од Прилог 1.

Прилог:
- Копија од извештаите за реализација на нарачката за ТРД ТВ Алсат – М, ТРД ТВ Ирис, Прва Република и Член 16.
- Копија од медија планот на ТРД ТВ Ирис.

Воедно во однос на интернет порталите Ве известуваме дека согласно комерцијалното функционирање на истите, не се испраќа медија план бидејќи банерите не се обврзуваат со термински агенди, туку се испраќа "embed code" до медиумот предвиден за рекламирање и истиот автоматски ги распоредува рекламите според кодот од централизираниот систем.

2. **Одговор на забелешки за Прилог 2**

Во однос на забелешките на Прилог 2, а во насока на на интернет порталите, согласно комерцијалното функционирање на истите, не се испраќа медија план бидејќи банерите не се обврзуваат со термински агенди, туку се испраќа "embed code" до медиумот предвиден за рекламирање и истиот автоматски ги распоредува рекламите според кодот од централизираниот систем. Согласно горенаведеното за редните броеви 36, 37, 38, 39, 40, 41,

42, 43, 44, 45, 46 и 47 од Прилог 2 не подлежат медија планови и планско уредување на рекламирањето.

Воедно Ви доставуваме копија од детални медија планови за реден број 13, 18, 22 и 25 од Прилог 2.

Прилог:

- Копија од медија планот на ТРД ТВ ЕДО, ТРД ТВ Стар, ТРД КТВ Кавадарци и ТРД ТВ Компани 21 М.

Во однос на забелешките кои се однесуваат на редните броеви 1, 2, 3, 7, 19 и 20 од Прилог 2 добивме усно известување од страна на правните лица дека целиот нивен документациски материјал е доставен во надлежни државни органи.

Воедно би сакале да Ве информираме дека наведеното од Ваша страна во Прилог 2 "Доставен прилог за вкупните секунди/прикажувања на рекламирање" и "Доставен извештај за реализација на медија планот" е всушност потврда за иста намена, односно потврда дека е реализирана нарачката која ја побарал Нарачателот (ВМРО-ДПМНЕ) од страна на Извршителот (МЕДИУМОТ).

### 3. Одговор на забелешки за Прилог 3

1. Во однос на забелешката која се однесува на реден број 1 од Прилог 3, Ве информираме дека исплатата на закупнината е извршена согласно Договорот со број 02-72/1 од 14.11.2016 година.

2. Во однос на забелешката која се однесува на реден број 2 од Прилог 3 Ви доставуваме копија од Фактурата со број 100-9/1.

   Прилог:

   - Копија од фактура со број 100-9/1.

3. Во однос на забелешката која се однесува на реден број 3 од Прилог 3 Ви доставуваме копија од Фактурата со број 01/2016.

   Прилог:

   - Копија од фактура со број 01/2016.

4. Во однос на забелешката која се однесува на реден број 4 од Прилог 3 Ви доставуваме копија од Прегледот (спецификација) по фактура со број 297/2016 доставен од страна на Берово Транс во кој е утврдено дека цената на превозот е во согласност со договорот со број 02-314/1 од 14.10.2016 година односно цената на превозот се однесува на закуп на автобус/минибус за вршење на превоз согласно дефинираните релации.

   Прилог:

   - Копија од преглед (спецификација) по фактура со број 297/2016.

5. Во однос на забелешката која се однесува на реден број 5 од Прилог 3 Ви доставуваме копија од Договорот со број 2041/1 од 25.11.2016 година. Согласно договорот, цената на превозот се однесува на закуп на локомотива, електро-моторни и дизел-моторни гарнитури за вршење на превозот согласно наведената релација. Исто така Ве известуваме дека во Член 1 од Договорот со број 2041/1 од 25.11.2016 е наведено дека предмет на овој договор е превоз на патници во посебни и редовни возови на ден 27.11.2016 година на релација Демир Капија – Скопје – Демир Капија, а на ден 27.11.2016 година во Скопје беше одржан митингот на Коалицијата за предвремени избори на пратеници 2016 година предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

   Прилог:
   - Копија од договор со број 2041/1 од 25.11.2016 година.

6. Во однос на забелешката која се однесува на реден број 6 од Прилог 3, Ве известуваме дека согласно Договорот со број 02-378/2 од 25.11.2016 година цената за превозот се однесува на автобус односно цената на превозот се однесува на закуп на автобус за вршење на превоз согласно дефинираните релации од Прилог 1 кој претставува составен дел на Договорот со број 02-378/2 од 25.11.2016 година. Исто така Ве известуваме дека во Член 2 од Договорот со број 02-378/2 од 25.11.2016 година (прилог на овој допис) е наведено дека, цитирам "Превозот ќе се изврши на ден 27.11.2016 година, со вкупно 80 автобуси", а на ден 27.11.2016 година во Скопје беше одржан митингот на Коалицијата за предвремени избори на пратеници 2016 година предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Воедно во Член 1 од Договорот со број 02-378/2 од 25.11.2016 година е наведено дека вршењето на превозот за потребите на корисникот со автобуси ќе биде согласно прилог 1 – план за ангажирање на автобуси доставен од страна на корисникот, кој претставува составен дел на договорот.

   Прилог:
   - Копија од Договор со број 02-378/2 од 25.11.2016 година со Прилог 1 – План за ангажирање на автобуси.

7. Во однос на забелешката која се однесува на реден број 7 од Прилог 3, Ви доставуваме копија од спецификациите за издадените фактури заверени од страна на добавувачот. Воедно во однос на забелешката дека пропратната документација не содржи информација за периодот кога е извршена услугата, Ве известуваме дека во Член 1 од Договорот со број 02 – 405/1 од 05.12.2016 е наведено дека предмет на договорот е обезбедување на билети за автобуски превоз на патници за потребите на предвремените парламентарни избори 2016 година, а со тоа се докажува за кој период е извршена услугата.

   Прилог:
   - Копија од спецификација за издадена фактура 1440/16;
   - Копија од спецификација за издадена фактура 1441/16;
   - Копија од спецификација за издадена фактура 1442/16 и

- Копија од спецификација за издадена фактура 1443/16.

8. Во однос на забелешката која се однесува на реден број 8 од Прилог 3 Ви доставуваме копија од Потврдата доставена од страна на АД за Трговија Југопромет во која се потврдува дека хотелското сместување е за период за време на изборната кампања за предвремените парламентарни избори 2016 година.

   Прилог:
   - Копија од Потврда доставена од страна на АД за Трговија Југопромет.

9. Во однос на забелешката која се однесува на реден број 9 од Прилог 3 Ви доставуваме копија од Фактурата со број 111/2016.

   Прилог:
   - Копија од Фактурата со број 111/2016.

10. Во однос на забелешката која се однесува на реден број 10 од Прилог 3 Ве известуваме дека сите услуги за кои е доставена фактура се извршени и платени согласно Договорот со број 02-146/1 од 18.11.2016 година.

11. Во однос на забелешката која се однесува на реден број 11 од Прилог 3 Ви доставуваме копија од Изјава со спецификација за извршени услуги и платени согласно Договор број 02-326/1 од 18.11.2016 година.

   Прилог:
   - Копија од Изјава со спецификација за извршени услуги и платени согласно Договор број 02-326/1 од 18.11.2016 година.

12. Во однос на забелешката која се однесува на реден број 12 од Прилог 3 Ве информираме дека согласно платената фактура број 900-800/16065, Ви доставуваме копија од нарачката и е - маил комуникација од нарачката, согласно официјалниот доставен ценовник до надлежните органи на “Изи медиа” и извештај за извршено рекламирање.

   Прилог:
   - Копија од нарачката и е - маил комуникација од нарачката, согласно официјалниот доставен ценовник до надлежните органи на “Изи медиа” и извештај за извршено рекламирање.

## 4. Одговор на забелешки за Прилог 4

Во однос на забелешките од Прилог 4 кои се однесуваат во врска со прегледот на радиодифузерите кај кои се утврдени разлики помеѓу податоци од извештајот за мониторингот на медиумското покривање на избори 2016 година и извештаите од радиодифузерите за искористен рекламен простор, би сакале да Ве информираме

дека побаравме образложение преку официјални Дописи до медиумите, со што дел од нив ни одговорија, додека дел сеуште ни немаат одговорено, со што како ќе пристигнуваат ќе Ви ги приложиме.

Прилог:

- Копија од дописи кои ВМРО-ДПМНЕ ги достави до медиумите од реден број 1 до реден број 34 согласно Прилог 4, во кои бара образложение за разликата во реализирано политичко рекламирање помеѓу извештаите на медиумот и ААВМУ.
- Копија од дописи доставени од страна на медиумите под реден број 1, 3, 5, 10, 26, 29 и 31 согласно Прилог 4.

Прилог број 13

**ОДГОВОР**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 25.04.2018 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансискиот извештај за приходите и расходите, заедно со ревизија на усогласеност на Коалиција за предвремени избори на пратеници 2016 предводена од ВМРО-ДПМНЕ (во натамошниот текст Коалицијата) бр. 02-274/1 од 23.04.2018 година, од Игор Јанушев, генерален секретар на ВМРО-ДПМНЕ, а по овластување од одговорното лице на Коалицијата, заведени во Државниот завод за ревизија под број 09-391/3 од 25.04.2018 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.1.1.** која се однесува на непостоење на акт со кој ќе се прецизира вкупниот број на објекти кои ќе се користат како изборни штабови за изборната кампања, претставува **известување** од овластеното лице на Коалицијата, односно дадена е изјава со која се потврдува дека за време на изборната кампања за предвремени избори на пратеници во Собранието на РМ во 2016 година, се користеле вкупно 143 деловни простории (штабови) и тоа: 72 деловни простории (штабови) сопственост на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ кои се отстапени на користење на Коалицијата, како и 71 деловена просторија (штабови) кои Коалицијата ги користела за спроведување на изборните активности согласно склучени договори за закуп.
   Наведената состојба соодветно ќе биде обелоденета во Конечниот извештај, а дадената препорака соодветно прилагодена.

2. Забелешките на констатираните состојби во **точката 3.2.1. алинеја 1** која се однесува на тоа дека за дел од фактурите во вкупен износ од 4.047 илјади денари, кои се однесуваат на медиумско претставување кај радиодифузерите и електронските медиуми (интернет порталите), не беа презентирани медиа планови и извештаи за нивна реализација, прикажани во Прилог 1, **делумно се прифаќа** од следните причини:
   - за еден медиум доставена е дополнителна документација/пресметка во износ од 1.214 илјади денари, со која се потврдува оправданоста на настанатиот расход за време на изборната кампања, кој износ ќе биде корегиран во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор;
   - за друг медиум доставена е дополнителна документација/збирен преглед за вкупните секунди на извршено рекламирање, во износ од 939 илјади денари, согласно кој неможе да се потврди поединечното рекламирање согласно медиа планот на учесникот во изборната кампања. Наведениот расход соодветно ќе биде прижан во Прилог 2 од Конечниот извештај.

Исто така доставено е **известување** за комерцијалното функционирање на интернет порталите, во кое е образложен начинот на фактурирање на услугите. Имено, до интернет порталите партијата не испраќа медиа план, предвидено во склучените договори, туку испраќа "embed code" до медиумот и истиот автоматски ги распоредува рекламите според кодот од централизираниот систем. Истакнуваме дека на ревизијата не и се приложени наведените прилози.

3. Забелешките на констатираната состојба во **точката 3.2.1. алинеја 2** која се однесува на тоа дека за дел од фактурите во вкупен износ од 30.276 илјади денари, за медиумско претставување кај радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите), не е обезбедена целосна документација за потврдување на извршеното поединечно рекламирање, согласно медиа планот на учесникот во изборната кампања, прикажани во Прилог 2, претставува **известување** за медиумите наведени под реден број од 36 до 47 од овој прилог, со кое Коалицијата информира во однос на комерцијалното функционирање на интернет порталите (детално образложено во точка 2 од Одговорот на забелешките на Нацрт извештајот).

   Забелешките на констатираната состојба во **точката 3.2.1. алинеја 2,** кои се однесуваат на евидентираните фактури за медиумско претставување кај радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите), под реден број 13, 18, 22 и 25 од Прилог 2 во износ од 3.998 илјади денари, **не се прифаќа** поради тоа што дополнително доставената документација не ги содржи податоците за извршените услуги за цел период, предмет на фактурирање.

4. Забелешките на констатираната состојба во **точката 3.2.1. алинеја 3** која се однесува на тоа дека евидентирани се фактури за извршени услуги во износ од 17.454 илјади денари, без да се достави уредна поткрепувачка документација (испратници, спецификации за извршени услуги, фактури, фото каталог за извршен закуп на рекламен простор) како доказ за извршената услуга, прикажани во Прилог 3 од доставениот Нацрт извештај, **делумно се прифаќа** од причина што за четири добавувачи, во износ од 1.892 илјади денари, доставена е документација со која може да се потврдат и оправдаат евидентираните расходи за извршените услуги.

   Преземените активности во однос на обезбедувањето на дополнителната документација од Коалицијата соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај, а фактурираниот износ во прилогот ќе биде соодветно прилагоден.

5. Забелешката на констатираната состојба во поглавјето Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, **точка 5.1.** која се однесува на тоа дека се утврдени разлики помеѓу податоците за искористениот рекламен простор за време на изборната кампања од Извештајот за извршен мониторинг од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и податоците од доставените извештаи од радиодифузерите за искористен рекламен простор,

преставува **известување** за преземените мерки и активности од страна на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ за добивање образложение од медиумите за утврдените разлики помеѓу извештаите на медиумите и на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.